**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр.11-646/2**
**13.11.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) ја издава следната

# П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена проектна програма

Се одобрува Проектната Програма за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов подземен кабелски 10(20) kV вод и две нови КБТС 10(20)/0,4 kV, делница од столб број 72640015 на дел од КП бр.92/1 КО Моин, до столб број 72640950 на дел од КП бр.5894 КО Гевгелија–Општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ЕВН Македонија АД Скопје преку полномошник Друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ,,Студио Џон и Џони,, доо од Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.65463) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-646/1 од 09.10.2024год., за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов подземен кабелски 10(20) kV вод и две нови КБТС 10(20)/0,4 kV, делница од столб број 72640015 на дел од КП бр.92/1 КО Моин, до столб број 72640950 на дел од КП бр.5894 КО Гевгелија–Општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма со технички број 507/2024 од октомври 2024год., изработена од ДПИК ,, Студио Џон и Џони,, доо од Скопје.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y16724 и Решение УП1-15 1403/2024 од 03.10.2024г. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-646/2 од 08.11.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23 171/24 и 224/24). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.11.13 15:06:30 +01'00'